**ПРЕДЛОГ ЗАПИСНИК**

од

**ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РЕФОРМА ВО ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

одржана на 11.09.2018, во 09:00h

во Влада на Република Македонија, Сала 117

| | |
|---|---|
| **ПРИСУТНИ** | Дамјан Манчевски (МИОА), Мила Царовска (МТСП), Драган Тевдовски (МФ), Драги Рашковски (ГС ВРМ), Сухејл Фазлиу (МЛ), Спасе Глигоров (АА), Калинка Габер (СЕП), Лила Пејчиновска Миладиновска (СЗ), Душица Перишиќ (ЗЕЛС), Билјана Николовска Жагар (МИОА), Кристина Димовска (МИОА), Кристина Цуцуловска (КПВРМ), Јулијана Караи (СЕП) |
| **ПРЕТСЕДАВАЧ** | Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација |
| **ЗАПИСНИЧАР** | Стефанија Стафила (МИОА) |

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД**

1. Презентирање на наоди од Извештајот за мапирање на институциите, изработен од страна на УНДП и дискусија
2. Нацрт-насоки за следење и известување за спроведување на Стратегијата за РЈА ( 2018-2022) и Акциски план и Нацрт – систем за следење, оценување и известување за Стратегијата за РЈА (2018-2022) и Акциски план
3. Буџет за 2019 година на Акцискиот план на Стратегијата РЈА ( 2018-2022)
4. Следење на именувања, разрешувања, вработувања и отпуштања
5. Прашања и предлози

Третата седница на Советот за реформа на јавната администрација (Совет за РЈА) започна со воведено обраќање од страна на министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски. Министерот се извини на членовите на советот за отсуството на премиерот Зоран Заев, кој поради други работни обврски не беше во можност да го претседава состанокот на Советот за РЈА.

По обраќањето, министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски пристапи кон читање на предлог-дневен ред за третиор состанок. Бидејќи членовите немаа забелешки, дневниот ред беше усвоен.

1. **По точката 1 од дневниот ред Презентирање на наоди од Извештајот за мапирање на институциите, изработен од страна на УНДП и дискусија** министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски и даде збор на Кристина Димовска – советник за меѓународна соработка на министерот, која го презентираше извештајот. Главните заклучоци од Извештајот се дека не постои едиствен хиерархиски систем, линиите на одговорност се нејасни

и не постои разграничување на органи за планирање на политики, имплементација и контрола според вид. Беа презентирани и препораките од експертите на УНДП: да се стави мораториум на создавање на институции, да се воспостави модел на структура за министерство, ресор/ сектор, да се спроведе функционална анализа на сите министерства, ресори/сектори, да се премине кон имплементација на реформата, да се донесе на нов Закон и организација на државните органи.

Министерот Манчевски ја потенцираше неопходноста од забрзување на имплеметација на мерките за реорганизација, со цел максимално да се почитуваат поставените рокови.

Министерот за финансии Драган Тевдовски истакна дека МФ во соработка и со поддршка на Светска банка работи на Закон за буџети со цел намалување на бројот на буџетски корисници од прва линија и намалување на трошоците на институциите, со што планираните реформски активности се во иста линија со предвидените активности на МИОА во однос на реорганизацијата. Потенцираше и дека МИОА и МФ се во координација во однос на оваа реформа.

Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска извести дека во МТСП веќе е спроведена функционална анализа која предвидува препораки и за органите во состав на министерството. Следствено, праша дали се очекува од МТСП веднаш да започне со реорганизација на институциите за кои има препораки во таа насока, или пак реорганизацијата на органите на државна управа ќе се одвива за сите органи во исто време, поради потреба од измени и дополнувања на законските регулативи. Претставниците од МИОА известија дека поради комплексноста на процесот и неговата хоризонталност, поради можните законски измени и дополувања овој процес ќе се одвива во исто време за сите органи на државна управа, по целосното спроведување на хоризонталната функционална анализа и подготовката на планот за реорганизација.

Министерот за локална самоуправа Сухејл Фазлиу се интересираше дали спроведувањето на функционална анализа предизвикува финансиски импликации и дали спроведувањето на фунционалната анализа до крајот на годината се еднесува и на единиците за локална самоуправа? Фазлиу ги извести присутните членови дека се обезбедени средства од ЕУ за спроведување на функционални анализи на единиците на локална самоуправа.
Претставниците на МИОА посочија дека мерките од АП на СРЈА не се однесуваат на локалната власт, па следствено истите не се обврзани да спроведат фукнционална анализа, но позитивно е тоа што се обезбедени средства за ваква активност. Дополнително, беше потенцирано дека на веб страната на МИОА е веќе објавена методологијата за спроведување на функционална анализа, која може да се искористи за единиците на локалната самоуправа, и дека спроведувањето на функционална анализа не предизвикува дополнителни финансиски импликаци.

Во контекст на дискусијата која ја отвори министерот Фазлиу, претставничката на ЗЕЛС Душица Перишиќ истакна дека е добро процесот на реорганизација да се заврши прво на ниво на органи на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт, а потоа да се примени и на локално ниво.

Државната секретарка на Секретарјат за европски прашања Калинка Габер се надоврза на дискусијатата по првата точка и замоли за почитување на зададените рокови од страна на институциите за активности кои се дел од АП на СРЈА, бидејќи Европската Комисија не моминторира во однос на исполнување на истите.

2. **По точката 2 од дневниот ред: Нацрт-насоки за следење и известување за спроведување на Стратегијата за РЈА ( 2018-2022) и Акциски план и Нацрт – систем за следење, оценување и известување за Стратегијата за РЈА (2018-2022) и Акциски план**, министерот Манчевски и даде збор на Билјана Николовска Жагар која ги презентираше документите. Николовска Жагар истакна дека овие два документи го објаснуваат и разработуваат системот за следење, оценување и известување за Стратегијата за РЈА (2018-2022) и Акциски план, со цел полесно и поефикасно следење на спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план. Насоките за ледење и известување за спроведување на Стратегијата за РЈА ( 2018-2022) и Акциски план и Нацрт пак содржат два обрасци за полугодишни и годишни извештаи. Николовска Жагар истакна и дека во следниот период ќе се развиваат така наречени пасоши на индикатори, кои ќе овозможат соодветно следење и оценување на имплементацијата и резултатите од имплементацијата на АП.

Државната секретарка на СЕП Габер посочи дека полугодишниот извештај треба да биде објавен до крајот на месец септември, бидејќи на почеток на месец октомври, во рамки на престојниот состанок на Специјалната група за РЈА, треба да реферираме за истиот, по што од МИОА одговорија дека до крајот на месецот нацрт извештајот ќе биде готов.

Конечно, претставниците од МИОА апелираа до членовите на Советот да ги погледнат двата Нацрт документи и доколку имаат коментари и забелешки, истите да ги достават до МИОА, за да може документите да бидат финализирани и објавени.

**3. По точката 3 од дневниот ред Буџет за Акцискиот план на Стратегијата за РЈА** ( 2018-2022), министерот Манчевски ја сподели идејата дека МИОА во рамките на својот буџет за 2019 година предвиде посебен раздел (К програма) за активностите кои се дел од АП на РЈА. Во оваа програма се издвоени финансиските средства планирани за реализација на активностите согласно Акцискиот план на Стратегијата за РЈА, за кои носител е министерството. Поради поголема видливост и подобро следење на имплементацијата, побара од претставниците на институциите кои се водечки (носители) на активностите предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за РЈА (2018 – 20120), да го следат примерот на МИОА и во своите институции да го предложат ваквиот начин на издвојувње на финасиските средства во посебен раздел во рамките на Буџетот.

**4. По точката 4 од дневниот ред Следење на именувања, разрешувања, вработувања и отпуштања,** министерот Манчевски и даде збор на државната секретарка Габер да даде краток осврт по точката. Габер потенцираше дека препораките и укажувањата во однос на именувањата и разрешувањата на фукнционерите се во насока на овозможување поголема транспарентност на процесот. Дополнително, се очекува на Специјалната група за РЈА која е во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијацијада се дадат информации за за именувањата и разрешувањата. Министерот Манчевски потенцираше дека МИОА нема законска надлежност

да ги следи и подготвува извештаите и дека е потребно да се определи која институција ќе ја има оваа обврска.

Генералниот секретар на ВРМ Драги Рашковски информираше дека за обезбедување поголема транспарентност би било добро доколку сите критериуми на именуваните лица бидат поставени на web страна, а по именувањето сите документи за конкретно именуваното лице кое ги исполнува условите да бидат исто така јавно достапни. Рашковски исто така информираше дека во е тек е подготовка на софтвер кој ќе овозможи полесно следење на процесот на именување на раководни функции, како и дека Генералниот секретаријат на ВРМ ќе ја преземе обврската за следење и известување за именувањата и разрешувањата.

Директорот на Агенција за администрација Спасе Глигоров истакна дека покрај условите кои треба лицата кои се именуваат да ги исполнуваат би било пожелно да постои и одреден вид на тестирање, за да не се остави само на субјективно одлучување при избор на одредени кандидати, а воодно мора да постојат и соодветни методи на кој нечин ќе се врши изборот.

Генералниот секретар на Секретаријат за законодавство Лила Пејчиновска Миладиновска истакна дека може да се размисли во насока на овозможување на кандидатите при самото аплицирање да достават и предлог програма за работа на иституцијата која би била составен дел од апликацијата за одредена позиција.

Министерот Манчевски се надоврза на дискусијата и информираше дека со новиот модел на високта раководна служба ќе се воспостават конкретни критериуми за овие позиции, со што ќе се адресираат голем број од препораките.

5. **По точка 5 од дневниот ред Прашања и предлози** немаше дискусија.

Министерот Манчевски се заблагодари на присутните, нагласи дека нацрт – записникот и предлог - заклучоците од третата седница ќе бдиат испратени до членовите на советот до крајот на работната недела и ја затвори седницата.